# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 21 март 2020 година, донесе

**УРЕДБА**
**СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА**

**Член 1**

Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија" бр. 66/04, 139/08, 99/09, 149/14, 150/15 и 37/16), ќе се применува за време на траење на вонредната состојба, доколку со оваа уредба со законска сила не е поинаку уредено.

За видот на болеста која се пренесув од човек на човек за која при лекувањето се применува мерката строга изолација (карантин), за лицето на кое му се одредува строга изолација (карантин), за одредување на мерката строга изолација (карантин), за објектите за спроведување на мерката строга изолација (карантин) и за местото и за времетраењето на примена на мерката строга изолација (карантин), за време на траење на вонредната состојба се применуваат одредбите од оваа уредба со законска сила.

**Член 2**

За заболени од заразната болест Коронавирус COVID-19, при лекувањето се применува мерката строга изолација (карантин) во домашни услови или во здравствена установа, за што одлучува здравствен работник по извршена проценка на тежината на клиничката слика.

На лице кое било или се сомнева дека било во непосреден контакт со лице заболено или инфицирано со Коронавирус COVID-19 се применува мерката строга изолација (карантин) во домашни услови (домашна изолација) во времетраење од 14 дена, за што лицето потпишува писмена изјава под полна морална, материјална и кривична одговорност дека ќе ја почитува мерката, а Државниот санитарен и здравствен инспекторат донесува решение.

Доколку лицето од ставот 2 на овој член не ја применува мерката строга изолација (карантин) во домашни услови (домашна изолација), му се одредува мерката строга изолација (карантин) во времетраење од 14 дена, во објекти определени од Владата на

Република Северна Македонија, за што Министерството за внатрешни работи и Армијата на Република Северна Македонија донесуваат решение.

На државјанин на Република Северна Македонија кој влегува на граничните премини во Република Северна Македонија, му се одредува мерката строга изолација (карантин) во времетраење од 14 дена, во објектите од став 3 на овој член.

**Член 3**

За времетраењето на мерката строга изолација (карантин), лицето не смее да ја напушта просторијата во која е сместено.

За безбедноста на објектите од член 2 став 3 од оваа уредба со законска сила, за спроведување на мерката строга изолација (карантин), се грижат Министерството за внатрешни работи и Министерството за одбрана - Армијата на Република Северна Македонија, кои ги обезбедуваат влезните пристапи во објектот, а доколку објектот е на катови ги обезбедуваат и сите катови.

Припадниците на Министерството за внатрешни работи и Министерството за одбрана - Армијата на Република Северна Македонија, кои ги обезбедуваат објектите од член 2 став 3 од оваа уредба со законска сила, во кои се спроведува мерката строга изолација (карантин), задолжително носат заштитна опрема.

Владата на Република Северна Македонија објавува јавен повик за изразување интерес за сите хотели на територијата на Република Северна Македонија кои имаат повеќе од 50 легла и кои се заинтересирани доброволно да ги отстапат своите капацитети за потребите на државен карантин за населението во Република Северна Македонија и кои ќе понудат најмногу до 10 евра во денарска противредност за трошоците за исхрана, сместување и хигиенски средства.

Договорот со хотелите кои ќе изразат интерес да го склучи Владата на Република Северна Македонија - Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, со спроведување на постапка со преговарање без објавување на оглас.

Трошоците за исхрана, сместување и одржување на хигиената во објектите во кои се спроведува мерката карантин за лицата кои влегуваат на граничните премини во Република Северна Македонија, се надоместуваат од средства од буџетот на Владата на Република Северна Македонија - Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, ставка 425, договорни услуги.

Трошоците за исхрана, сместување и одржување на хигиената во објектите во кои се спроведува мерката карантин за лицата на кои не ја почитувале мерката строга изолација (карантин) во домашни услови (домашна изолација), се надоместуваат од страна на тие лица.

Трошоците за превоз на лицата од граничните премини во Република Северна Македонија и од Меѓународниот Аеродром Скопје до објектите за државен карантин се на товар на Владата на Република Северна Македонија - Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, со спроведување на постапка со преговарање без објавување на оглас.

**Член 4**

Министерството за внатрешни работи и Министерството за одбрана - Армијата на Република Северна Македонија заради отстранување на утврдените неправилности имаат право и обврска да поднесат кривична пријава против лицето од член 2 од оваа уредба со законска сила на која се применува мерката строга изолација (карантин) во домашни услови, во здравствена установа или во објектите од член 2 став 3 од оваа уредба со законска сила, доколку тоа своеволно го напушти карантинот пред истекот на неговото времетраење.

Доколку за лицето од став 1 на овој член се определи мерка притвор, истата се спроведува во објектите од член 2 став 3 од оваа уредба со законска сила.

**Член 5**

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-2415/1
21 март 2020 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.